# ПРОСПЕКТ
## ЗА ИЗДАВАЊЕ И ТРГУВАЊЕ

**Република Македонија**
**Министерство за финансии**

# ВТОРА ЕМИСИЈА НА
# ОБВРЗНИЦИ ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА
# ЕВРА 38.100.000,00

Вкупниот износ во кој се издаваат обврзниците за денационализација од Втората емисија е 38.100.000,00 ЕВРА. Со Втората емисија на обврзниците за денационализација опфатени се сите правосилни решенија за денационализација до 31.12.2002 година во кои како надомест се даваат обврзници.

Обврзниците за денационализација се хартии од вредност кои гласат на име, во ЕВРО валута и се неограничено преносливи.

Обврзниците за денационализација се издадени **20.03.2003** година и носат ИСИН ознака **4064585ден02.** Од **27.03.2003** година обврзниците се котираат на Македонската берза на долгорочни хартии од вредност.

**Скопје, март 2003 година**

**1. ИЗДАВАЧ**
Република Македонија, Министерство за финансии, Даме Груев 14, Скопје

## 2. ВИД НА ХАРТИЈАТА ОД ВРЕДНОСТ

2.1 Обврзница за денационализација-Втора емисија

2.2Обврзницата за денационализација-Втора емисија е издадена како дематеријализирана хартија од вредност.

**3. ОСНОВ ЗА ИЗДАВАЊЕ**

Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација (Службен весник на РМ бр.37/02) и Одлука за Втора емисија на обврзници за денационализација ("Службен весник на РМ" бр.9/2003 и 14/2003).

Согласно Законот, Република Македонија во наредните шест години ќе врши еднаш годишно по една емисија на обврзници за денационализација, а Владата на Република Македонија со одлука годишно ќе го утврдува износот на обврзниците за денационализација кои се издаваат.

Со Одлуката се врши Втора емисија на обврзници за денационализација во износ од 38.100.000,00 ЕВРА. Со Втората емисија на обврзниците за денационализација опфатени се сите правосилни решенија за денационализација до 31.12.2002 година во кој како надомест се даваат обврзници.

**4. ВКУПНА НОМИНАЛНА ВРЕДНОСТ НА ЕМИСИЈАТА**

ЕВРА 38.100.000,00- Втора емисија

## 5. НОМИНАЛНА ВРЕДНОСТ

5.1. Номиналната вредност на обврзницата за денационализација е износот кој барателот по основ на денационализација го добива како обештетување.

5.2.Обврзниците за денационализација гласат на име и во ЕВРО валута и се неограничено преносливи.

**6. ПРАВА ОД ОБВРЗНИЦИТЕ**

6.1. На обврзниците се пресметува камата во висина од 2% годишно.

6.2. Номиналната вредност и каматата се отплатуваат во период од 10 години.

6.3. Каматата и номиналната вредност на обврзниците за денационализација пристигнуваат за отплата на 1 јуни, а исплатата започнува од 1 јуни 2004 година.

6.4. Пресметката на каматата започнува од денот на уписот во Централниот депозитар со хартии од вредност односно од 20.03.2003 година.

## 7. ИСПЛАТА НА ОБВРСКИ

Средствата за исплата на обврските по номинална вредност и камата на обврзниците за денационализација се обезбедуваат:

- дел од средствата што се остваруваат од трансформација на претпријатијата со општествен капитал;
- од средствата од продажба на имот на Република Македонија кои со друг закон не се определени за друга намена;
- од средствата остварени од закуп на државен имот ако со друг закон не се определени за друга намена;
- од средствата што се остваруваат според одредбите од овој закон (надомест за вратен имот, надомест за зголемена вредност на вратен имот и данок на наследство);
- дел од средствата на Буџетот на Република Македонија и
- други приходи.

## 8. ОДАНОЧУВАЊЕ

Приходите врз основ на обврзниците за денационализација не се оданочуваат.

## 9. ПРЕДВРЕМЕН ОТКУП

9.1. Република Македонија, може во секое време да изврши откуп на обврзниците за денационализација пред рокот на нивното пристигнување.

9.2. Условите, начинот и постапката за откуп ги утврдува Владата на Република Македонија.

## 10. ЗАПИШУВАЊЕ

10.1. Обврзниците се запишани и се водат во Централниот депозитар за хартии од вредност под ИСИН ознака **4064585ден02**.

10.2. Централниот депозитар за хартии од вредност на сопствениците на обврзниците им доставува на домашна адреса известување за висината на правото на обврзниците во ЕВРО валута.

## 11. ТРГУВАЊЕ НА СЕКУНДАРНИОТ ПАЗАР

11.1. По усвојувањето на барањето за котација на официјалниот пазар, со обврзниците ќе се тргува на секундарниот пазар на Македонската берза на долгорочни хартии од вредност.

11.2. Со обврзниците можат да тргуваат домашни и странски физички и правни лица.

11.3. Тргувањето на обврзниците што котираат на Македонската берза за долгорочни хартии од вредност се врши врз основа на пазарна цена. Плаќањето по извршеното купување на обврзниците на секундарниот пазар се врши по цената по која се тргувало на Берзата зголемена за стекнатата камата за периодот од последната исплата на каматата се до денот на трансакцијата.

## 12. ПОЧЕТОК НА ТРГУВАЊЕ СО ОБВРЗНИЦИТЕ

Тргувањето со обврзниците за денационализација започнува на **27•03.2003** година.

## 13. МЕСТО И ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ

Обврзниците за денационализација се издаваат во Скопје на **20.03.2003 година**.

## 14. ПОРАМНУВАЊЕ НА ТРАНСАКЦИИТЕ СО ОБВРЗНИЦИТЕ

Порамнувањето на трансакциите со обврзниците се врши согласно со Законот за хартии од вредност.

## 15. ПРЕСМЕТКА И ИСПЛАТА НА КАМАТАТА

15.1. Пресметка на каматата

- Каматната стапка изнесува 2% годишно.
- Каматата на обврзниците се пресметува на остатокот на расположивата главнина за наплата.
- Пресметката на каматата се врши со примена на проста каматна стапка.

15.2. Исплата на каматата

- Првата исплата на каматата ќе биде на 1 јуни 2004 година. Следните камати ќе се исплаќаат годишно до конечното исплатување на обврзниците до 1 јуни 2013 година по следниот план:

  1 јуни 2004 година
  1 јуни 2005 година
  1 јуни 2006 година
  1 јуни 2007година
  1 јуни 2008 година
  1 јуни 2009година
  1 јуни 2010 година
  1 јуни 2011 година
  1 јуни 2012 година
  1 јуни 2013 година

- Каматата ќе се отплатува во денарска противвредност по средниот курс на ЕВРО од курсната листа на Народна банка на Република Македонија што важи на денот на исплатата на обврзниците.
- Доколку денот на пристигнување на каматата е неработен ден исплатата се врши наредниот работен ден.

## 16. ИСПЛАТА НА НОМИНАЛНАТА ВРЕДНОСТ

- Исплатата на номиналната вредност се врши во 10 еднаквите рати кои ќе се отплатуваат по следната динамика:

| Датум на достасување на ратата | Рата на главнината |
|---|---|
| 1 јуни 2004 година | 1/10 |
| 1 јуни 2005 година | 1/9 |
| 1 јуни 2006 година | 1/8 |
| 1 јуни 2007година | 1/7 |
| 1 јуни 2008 година | 1/6 |
| 1 јуни 2009година | 1/5 |
| 1 јуни 2010 година | 1/4 |
| 1 јуни 2011 година | 1/3 |
| 1 јуни 2012 година | 1/2 |
| 1 јуни 2013 година | 1/1 |

- Главнината на обврзниците ќе се отплатува во денарска противвредност по средниот курс на ЕВРО од курсната листа на Народна банка на Република Македонија што важи на денот на исплатата на обврзниците.

- Доколку денот на пристигнување на главнината е неработен ден исплатата се врши наредниот работен ден.

## 17. НАМЕНИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБВРЗНИЦИТЕ

Обврзниците може да се користат за:

- акции и удели на претпријатијата кои ги поседува Агенцијата за приватизација;
-акции и удели на претпријатијата кои се резервирани за поранешните сопственици согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал;
-побарувања на Агенцијата за санација на банка од претпријатијата, а кои се предмет на продажба;
-купување на државен имот кој е понуден за продажба и за чиј откуп е предвидена можност за плаќање со обврзници;
-купување на акции и удели на државен капитал во процесот на негова приватизација;
-плаќање на надомест за концесија на државен имот;
-купување или плаќање на закуп на државен имот;
-плаќање на обврски кои произлегуваат од овој закон и
-друг еквивалент на сопственост определен со закон.

## 18. ЗАСТАРУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА

Побарувањата врз основ на обврзниците не застаруваат.

## 19. ДИСТРИБУЦИЈА НА ПРОСПЕКТОТ

19.1.Проспектот се става на располагање на сите брокерски куќи членки на Македонската берза на долгорочни хартии од вредност.

19.2.По одобрувањето, Проспектот ќе биде објавен барем во едно од дневните гласила во Република Македонија.